Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФОРМИРАЊЕ ФОНД ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД COVID-19

## Член 1

Во Уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.106/20, 139/20 и 140/20), во членот 5 зборовите „како и" се заменуваат со зборовите „естрадните уметници,", а по зборот „мултиплекс" се додаваат зборовите „и радиодифузерите кои од регулаторното тело надлежно за работите од областа на радиодифузија добиле дозвола за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, за надомест на трошоците за пренос на сигнал (дотур на модулации) за 2020 година," .

## Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр.44-5531/1**
**13 јуни 2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски